**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ЕУ ЦЕНТАР**

# *ЕУ ВЕСТИ*

***септември 2022 година***
***ЕУЦ-број 76/2022***

## ЗАПОЧНА СКРИНИНГОТ ЗА КЛАСТЕРОТ ТЕМЕЛИ ВО ПРЕГОВОРИТЕ СО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И




Европската комисија на 15 септември 2022 година го продолжи скрининг процесот со Албанија и со Северна Македонија, кој започна на 19 јули годинава, веднаш по одржувањето на меѓувладините конференции.

Скринингот е првиот чекор во процесот на пристапните преговори и ќе се спроведе за шест тематски кластери, според новата Методологија за преговарање. Кластерите ги содржат релевантните поглавја од законодавството и областите поврзани со доброто владеење, внатрешниот пазар, економската конкурентност и поврзувањето.

Скринингот се состои од две фази:
1. Објаснувачки скрининг (состаноци) на кој службите на Европската комисија го образложуваат законодавството на ЕУ по поглавја;
2. Билатерален скрининг (состаноци) на кој земјата-кандидат ја презентира подготвеноста по поглавја, усогласеноста со законодавството на ЕУ и идни планови.

Европската комисија ќе подготви извештај со проценка до Советот на ЕУ за степенот на подготвеност на земјата-кандидат за поглавјата од кластерите, за плановите и идни подготовки и за првичните показатели за прашањата кои, веројатно, би се отвориле во преговорите.

Советот на ЕУ едногласно ќе одлучи дали за земјата-кандидат, ќе определи одредници за отворање на секој кластер од преговорите, врз основа на предлогот на Комисијата од извештајот за скринингот.

Аналитичкото објаснување (скрининг) на законодавството на ЕУ (acquis) им овозможува на земјите-кандидати да се запознаат со законоавството, стандардите на ЕУ и со обврските што произлегуваат од нив. Овозможува да се провери степенот на подготвеност на земјите и плановите за натамошно усогласување и на тој начин да се добијат првични показатели за прашањата кои, најверојатно, би се појавиле во преговорите.

Во Брисел на 26 септември годинава се одржа Објаснувачки скрининг состанок за поглавјето/областа: „Функционирање на демократски институции", во чија агенда беше предвидена и темата: „Функционирање на парламентите во демократски систем". Оваа област е дел од првиот кластер „Темели". Билатералниот скрининг состанок за ова поглавје/област е предвиден да се одржи во декември годинава.

https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu

**Содржина на вести:**

| | |
|---|---|
| Започна скринингот за кластерот Темели во преговорите со Северна Македонија и Албанија | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2 |
| ЕП: Активно учество на земјите-членки во реформата на ЕУ | 3 |
| Состанок на Советот за општи работи на ЕУ | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Европска Комисија: Итна интервенција на енергетскиот пазар | 6 |
| Триесет и пет години постоење на Ерасмус програмата | 6 |
| Нов закон за слобода на медиумите | 7 |
| Закон за дигиталните пазари | 7 |
| ЕЦБ: Зголемена каматна стапка за 75 базични поени | 8 |
| Европски денови на културно наследство 2022 | 8 |
| Ковид-19: Земјите-членки да се подготват за претстојниот период | 9 |
| Објаснувачки состанок за статистичкото acquis на ЕУ | 9 |
| Летно истражување 2022 на Евробарометар | 10 |
| Парламентарни избори во Шведска | 10 |
| Порошувачка на енергија во секторите земјоделство и шумарство | 11 |
| ЕУ календар / октомври 2022 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

**Пленарна сесија 12-15 септември 2022**

Европскиот парламент го одбележа настанот кога пред седумдесет години на 10 септември 1952 година во Стразбур, Пол-Анри Спаак претседаваше со отворањето на првата сесија на Заедничкото собрание на Европската заедница за јаглен и челик. Во следните 12 месеци ќе се одржат голем број настани кои ќе ја одбележат оваа годишнина.

Европскот парламент со 453 гласа, усвои позиција за предлогот на Европската комисија за Регулатива за производи без уништување шуми. Со новиот закон компаниите задолжително се обврзуваат да вршат проверка на стоките кои се продаваат во ЕУ дека не се произведени на дефорестирано земјиште во светот. Со ова ќе им се обезбеди на потрошувачите дека производите што ги купуваат не придонесуваат за уништување на шумите, а оттука ќе се спречи намалувањето на придонесот на ЕУ кон климатските промени и загубата на биолошката разновидност.

Во обраќањето пред европратениците како дел од серијата дебати: „Ова е Европа“, финската премиерка, Сана Марин, истакна дека на Европа ѝ треба стратешка автономија во енергијата, храната, одбраната и во технологијата. Европратениците ја поздравија одлуката на Финска да аплицира за членство во НАТО и побараа реформи на енергетските пазари.

Во однос на растот на цените на енергијата, европратениците побараа брзи мерки за заштита на потрошувачите и бизнисите. Чешкото претседателство со Советот на ЕУ објави дека Советот ќе се обиде да ги одобри предлозите на Европската комисија, на итен состанок на крај на септември годинава.

На годишната дебата за состојбата на ЕУ, претседателката на Европската комисија, Урсула Фон дер Лајен, истакна дека Комисијата ќе предложи мерки за намалување на потрошувачката на енергија кај земјите-членки како и за ограничување на приходите на компаниите кои произведуваат електрична енергија по ниска цена. Беше најавена и реформа на пазарот на електрична енергија.

Европратениците гласаа за зголемување на уделот на обновливи извори во финалната потрошувачка на енергија на ЕУ на 45% до 2030 година, според ревизијата на Директивата за обновливи извори на енергија (RED) - цел, поддржана од ЕК во рамки на нејзиниот пакет „RepowerEU“. Секоја земја-членка ќе треба да развива два прекугранични проекта за проширување на зелената електрична енергија.

Со 505 гласа за Европарламентот усвои нов закон за адекватни минимални плати во ЕУ, кој преходно во јуни годинава беше договорен со Советот. Законот има за цел да се подобрат работните и животните услови за работниците во ЕУ и да се промовира економски и социјален напредок. Законот утврдува минимални барања за законскиот минимум на платите, како што е предвидено со националното законодавство и со колективните договори.

Европратениците дадоа зелено светло за макрофинансиски заем од пет милијарди евра помош на Украина за покривање на финансиските потреби предизвикани од руската инвазија. Ова е втора и најголема транша од Пакетот за поддршка на ЕУ од девет милијарди евра, од кои една милијарда евра веќе се исплатени.

Европскиот парламент усвои три резолуции за почитување на човековите права во Украина, Уганда и Танзанија и Никарагва.

Европскиот парламент усвои позиција за ажурирани правила за политички партии и фондации на европско ниво. Конечниот извештај, кој беше усвоен со 392 гласа, е во насока на подобрување на предлогот на Комисијата, со цел:

- дополнително да се олеснат интеракциите меѓу европските партии и нивните национални партии членки и преку границите,
- зголемување на нивната транспарентност и финансиска отчетност, и
- да осигураат дека партиите членки од земји кои не се членки на ЕУ ги почитуваат европските вредности.

Европратениците побараа да се обезбеди дека управните тела на европските политички партии и фондации ќе бидат родово балансирани, дека ќе усвојат план за родова еднаквост и дека ќе се воспостават протоколи против сексуално и родово вознемирување.

www.europarl.europa.eu

## ЕП: АКТИВНО УЧЕСТВО НА ЗЕМИТЕ-ЧЛЕНКИ ВО РЕФОРМАТА НА ЕУ



Повеќе политички групи во Европскиот парламент повикаа Европската комисија да се изјасни и активно да ја поддржи реформата на европските повелби. „Комисијата и ЕП секогаш биле и треба да останат партнери во напредокот на европската демократија“, изјави Шпанецот Доменек Руиз Девеса од групата на социјалистите.
Во јуни 2022 година Европскиот парламент, со 355 гласа побара од Советот на ЕУ да заземе став за реформа на функционирањето на ЕУ и во моментов Парламентот подготвува детален извештај за промените што европските повелби треба да ги претрпат. ЕП очекува земјите-членки преку Советот на ЕУ да свикаат Конвенција, чија задача ќе биде токму реформата на ЕУ.
Во дебатата за реформата на ЕУ свое место има и иницијативата на францускиот претседател Емануел Макрон за креирање Европска политичка заедница во која треба да учествуваат сите земји од европскиот континент. Оваа иницијатива ја доби поддршката од германскиот канцелар Олаф Шолц. Првиот состанок на оваа заедница ќе се одржи на 6 и 7 октомври во Прага под чешко претседателство со Советот на ЕУ. Сите засегнати земји, меѓу кои и Северна Македонија, се поканети на оваа сесија, а засега сè уште не е потврдено учеството на Турција. Во своето обраќање на годишната септемвриска конференција на француски амбасадори и дипломати, Макрон го поздрави повикот на германскиот канцелар Шолц од 1 септември во Прага, за укинување на едногласноста во одлучувачкиот процес на ЕУ. Шефот на француската држава смета дека визијата на Шолц е на истата линија како и неговата, а тоа е зајакнување на европскиот суверенитет и Европа независна од САД или од Кина.

www.europarl.europa.eu

## СОСТАНОК НА СОВЕТОТ ЗА ОПШТИ РАБОТИ НА ЕУ



На состанокот на Советот на ЕУ одржан на 20 септември 2022 година, во рамките на годишниот дијалог за владеење на правото, министрите на ЕУ во фокусот на дискусијата на министрите на ЕУ главните трендови во областа на владеењето на правото во ЕУ. Дебатата беше структурирана за четирите столба: правосудни системи, антикорупциска рамка, медиумски плурализам и други институционални прашања поврзани со контролата и рамнотежата.
Целта на дијалогот за владеење на правото на Советот е отворена и конструктивна дебата за состојбата со владеењето на правото во ЕУ, со целосно почитување на принципите на објективност, недискриминација и еднаков третман на сите земји-членки. На состанокот на Советот за општи работи планиран за ноември годинава, во фокусот ќе бидат состојбите во следниве пет земји-членки: Полска, Португалија, Романија, Словенија и Шведска.
Министрите на ЕУ разменија мислења за продолжението на Конференцијата за иднината на Европа, беа понудени различни ставови за прашањето за продолжување на гласањето со квалификувано мнозинство во Советот, со користење минливи клаузули.
Европската комисија на Советот на ЕУ, му претстави Извештај за стратегиско предвидување за 2022 година и „писмото за намери“ во однос на подготовката на работната програма на Комисијата. Министрите изнесоа ставови за главните приоритети и иницијативи за следната година.

https://www.consilium.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, на 9 септември 2022 година оствари средба со претседателот на Италијанската Република, Серџо Матарела, кој престојуваше во официјална посета на државата. На средбата Џафери го запозна претседателот Матарела со тековните процеси во Собранието, работата на Пратеничката група за соработка на Собранието и италијанскиот Парламент, како и со политичката состојба во државата.
Претседателот Матарела се обрати пред пратениците на 85-та седница на Собранието.

www.sobranie.mk



Претседателот на Собранието Талат Џафери на 23 септември 2022 година оствари средба со Делегација од европратеници на Зелените/Европска слободна алијанса (EFA) од Европскиот парламент во состав: Тинеке Стрик, европратеничка од Холандија, известител во сенка и портпарол за Република Северна Македонија и Рајнхард Бутикофер, европратеник од Сојузна Република Германија. На средбата Џафери се заблагодари за соработката и континуираната поддршка на Европскиот парламент за евроинтеграциите на Севрена Македонија.



Средби со Делегацијата на европратеници оствариja и координаторите на пратеничките групи на СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, ДУИ И на АА. Во рамки на посетата на европратениците Тинеке Стрик и Реинхерд Бутикофер , Комисијата за европски прашања организираше јавна дискусија на тема: „Патот на Република Северна Македонија во ЕУ – перспективи и пречки“, со која претседаваше претседателот на Комисијата, Арбер Адеми.





Потпретседателот на Собранието, Горан Мисовски на 12 септември, годинава, оствари средба со претседателот на Комисијата за прашања на ЕУ на германскиот Бундестаг, Антон Хофрајтер, на која се разговараше за процесот на преговорите на нашата земја со ЕУ и поддршката од Германија за евроинтеграцијата на државава.
Средба со А. Хофрајтер оствари и претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми. На средбата Адеми се заблагодари за досегашната поддршка на нашите евроинтегративни процеси од страна на Германија, при што истакна дека земјата, после 17 години од добивањето на кандидатскиот статус има позитивен исчекор во овој процес, по прифаќањето на Францускиот предлог, предложен од Претседателството со ЕУ на Франција од страна на нашата Влада и на Парламентот.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања на 14 септември, годинава, оствaрија заедничка средба со Работната група на Советот на ЕУ надлежна за проширувањето и земјите кои се во преговарачкиот процес за членство во Унијата (COELA). На средбата се дискутираше за почетокот на пристапните преговори со ЕУ, скринингот, при што од страна на членови COELA се истакна дека овој процес подразбира инклузивност на државните институции, на сите политички чинители и на целото општество, со цел постигнување на конечната цел – полноправното членство во ЕУ.
Одделна средба со членовите COELA оствари и претседателот Џафери, на која изрази задоволство поради отворањето на првата меѓувладина конференција ЕУ—Република Северна Македонија во јули годинава.







На седницата на Комисијата за европски прашања одржана на 5 септември, амбасадорот на Чешката Република, Јарослав Лудва, ги претстави програмата и приоритетите на чешкото претседателство со Советот на ЕУ за втората половина на 2022. Амбасадорот Лудва како важни приоритети на претседателството ги посочи состојбата со безбедно снабдување со енергија, зајакнувањето на европските одбранбени капацитети и безбедноста на сајбер просторот.



Претседателот на Собранието, Талат Џафери, на 22 септември 2022 година се обрати на настанот: „Улогата на парламентите во имплементацијата на Агендата 2030“, на кој присуствуваа пратеници и претставници на ГО, ГИЗ, институции и граѓански организации од Србија, Косово, Белорусија, Киргистан, Грузија.



Генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова и амбасадорот на Франција, Сирил Бомгартнер, на 26 септември потпишаа Меморандум за соработка меѓу Собранието на Република Северна Македонија и Амбасадата на Франција во земјава. Целта на Меморандумот е да се зајакнат јазичните познавања по француски јазик на државните службеници од Собранието, во насока на зајакнување на позицијата на законодавниот дом во рамките на меѓународната франкофонска заедница.



Генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова, и амбасадорот на Франција, Сирил Бомгартнер, на 26 септември потпишаа Меморандум за соработка помеѓу Собранието на Република Северна Македонија и Амбасадата на Франција во земјава. Целта на Меморандумот е да се зајакнат јазичните познавања по француски јазик на државните службеници од Собранието, во насока на зајакнување на позицијата на законодавниот дом во рамките на меѓународната франкофонска заедница.

## ЕВРОПСКА КОМИСИЈА: ИТНА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА ЕНЕРГЕТСКИОТ ПАЗАР



Европската комисија на 14 септември 2022 година предложи мерки за намалување на побарувачката на електрична енергија, што ќе помогне да се намалат трошоците за електрична енергија за потрошувачите и мерки за редистрибуција на енергијата.
Првиот одговор за справување со високите цени е да се намали побарувачката. Од земјите-членки ќе се бара да идентификуваат 10% од часовите со највисока очекувана цена и да ја намалат побарувачката во тие часови. Дополнителен предлог е земјите-членки да се стремат кон намалување на вкупната побарувачка на електрична енергија за најмалку 10% до 31 март 2023 година.
Втор предлог на Комисијата е привремено ограничување на приходите за „инфрамаргиналните“ производители на електрична енергија, односно технологии со пониски трошоци како: обновливи извори на енергија, нуклеарна енергија и лигнитот, кои обезбедуваат електрична енергија во мрежата по цена под нивото на цените утврдено од „поскапите“. маргинални производители.
Третиот предлог на Комисијата е привремен солидарен придонес за вишокот профит генериран од активностите во секторите нафта, гас, јаглен и рафинерии, кои не се опфатени со инфрамаргиналната граница на приходите. Приходите ќе бидат оезбедени од земјите-членки и ќе се пренасочат кон особено ранливите домаќинства, тешко погодените компании и енергетско интензивните индустрии. Земјите-членки на ЕУ можат да финансираат прекугранични проекти во согласност со целите на REPowerEU или да користат дел од приходите за заедничко финансирање мерки за заштита на вработувањето или промовирање инвестиции во обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност.

https://ec.europa.eu

## ТРИЕСЕТ И ПЕТ ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА ЕРАСМУС ПРОГРАМАТА




По повод одбележувањето на 35 годишнината од постоењето на Еразмус, водечка програма на ЕУ за образование, обука, млади и спорт, на 20 септември 2022 година, се одржа настан на кој присуствуваа: европската комесарката за иновации, истражување, култура, образование и млади, Марија Габриел, потпретседателот на ЕК, Маргаритис Шинас, претставници на основачкиот тим на програмата и 35 сегашни и поранешни учесници на Ерасмус+.
Беше изработена специјална монета, која ја дизајнираше Хоакин Хименез од Париз, за чиј избор гласаа 72.000 луѓе.
Во 2020 година, Еразмус+ поддржа речиси 640.000 луѓе во студии, стажирање или доброволна работа во странство. Финансираше околу 126.900 организации и околу 20.400 проекти.
Тековното издание на Еразмус+ за 2021-2027 година ја означува интеграцијата на DiscoverEU во Програмата. DiscoverEU е отворен за 18-годишници и дава можност да ја откријат Европа преку патување и учење. Следниот круг за пријавување ќе биде отворен на 11 октомври, а сега е отворен за кандидати од ЕУ и сите земји од програмата Еразмус +: Исланд, Лихтенштајн, Северна Македонија, Норвешка, Србија и Турција.
Еразмус+ е создаден во 1987 година, обезбедувајќи можности за мобилност за учење на само 3.000 студенти. Оттогаш, околу 13 милиони луѓе учествуваа во Програмата.

https://erasmus-plus.ec.europa.eu

## НОВ ЗАКОН ЗА СЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ




Европската комисија на 16 септември 2022 година усвои европски акт за слобода на медиумите - нов пакет на правила за заштита на медиумскиот плурализам и независност во ЕУ. Предложената регулатива вклучува заштитни мерки од политичко влијание во уредничките одлуки и од надзорот. Во фокусот е независноста и стабилното финансирање на медиумите на јавниот сервис, како и транспарентноста на сопственоста на медиумите и распределбата на државното рекламирање. Актот утврдува мерки за заштита на независноста на уредниците и откривање конфликт на интереси.
Според Законот, ќе се формира нов независен Европски одбор за медиумски услуги, кој ќе биде составен од национални медиумски власти. Одборот ќе треба да промовира ефективна и доследна примена на рамката на Законот за медиуми на ЕУ, особено преку помагање на Комисијата во подготовката на упатствата за регулаторни прашања за медиумите.
Дополнително, Комисијата усвои комплементарна Препорака за поттикнување внатрешните заштитни мерки за уредувачка независност.
Европскиот закон за слобода на медиумите ќе обезбеди дека медиумите (јавни и приватни) можат полесно да работат преку границите на внатрешниот пазар на ЕУ, без непотребен притисок и земајќи ја предвид дигиталната трансформација на медиумскиот простор.

https://ec.europa.eu

## ЗАКОН ЗА ДИГИТАЛНИТЕ ПАЗАРИ




На 15 септември 2022 година Микулаш Бек, чешкиот министер за европски прашања и Роберта Мецола, претседателка на Европскиот парламент, го потпишаа Законот за дигитални пазари.
Пакетот за дигитални услуги е одговор на ЕУ на потребата од регулирање на дигиталниот простор и ги дефинира мерките за заштита на онлајн корисниците додека ги поддржува иновациите.
Предлогот на DMA има за цел да обезбеди конкурентен и фер дигитален сектор, со цел да се промовираат иновациите, високо квалитетните дигитални производи и услуги, фер цени и висок квалитет и избор во дигиталниот сектор. Предлогот е насочен кон големите онлајн-платформи, таканаречени „чувари на врата“, кои ги контролираат услугите на основните платформи како што се пазарите, продавниците за апликации, интернет-пребарувачите, социјалните мрежи и многу повеќе.
Правната рамка на ЕУ за дигитални услуги е непроменета од усвојувањето на Директивата за е-трговија во 2000 година. Во меѓувреме, дигиталните технологии, деловните модели и услуги се променија со невидено темпо.
Законот за дигитални услуги беше претставен од Европската комисија во декември 2020 година. Тој ги вклучува Законот за дигитални услуги и Законот за дигитални пазари.
Со овој пакет, Комисијата предложи нови амбициозни правила за подобро управување со дигиталниот простор и дигиталните услуги, вклучувајќи ги и платформите за социјални медиуми. Нејзините цели се да се обезбеди пристап на дигиталните корисници до безбедни производи и да се заштитат основните права на корисниците, како и да овозможи слободна и фер конкуренција во дигиталните сектори за да се поттикнат иновациите и растот.

https://czech-presidency.consilium.europa.eu

## ЕЦБ: ЗГОЛЕМЕНА КАМАТНА СТАПКА ЗА 75 БАЗИЧНИ ПОЕНИ



Управниот совет на Европската централна банка (ЕЦБ) на 8 септември 2022 година ја зголеми основната каматна стапка за првпат во историјата за 75 базични поени на 1,25% од 0,5% на годишно ниво и очекува дополнителни зголемувања на следните неколку состаноци.
„Управниот совет одлучи да ги зголеми трите главни каматни стапки на ЕЦБ за 75 базични поени. Според тоа, каматната стапка на операциите за главно рефинансирање и каматните стапки на маргиналните кредитни и депозитни линии ќе се зголемат на 1,25 отсто, 1,5% и 1,5%, соодветно, односно ефективно 0,75% од 14 септември 2022 година", се истакнува во соопштението.
„Врз основа сегашната проценка, Управниот совет очекува дополнително да ги зголеми каматните стапки на следните неколку состаноци за да ја потисне побарувачката и да се заштити од ризикот од постојан пораст на инфлациските очекувања", истакна регулаторот.
ЕЦБ забележува дека оваа одлука е диктирана од целта за постигнување на среднорочната цел за инфлација од 2 отсто.
Управниот совет има намера да ги реинвестира плаќањата на главнината на хартиите од вредност на PEPP, кои доспеваат најмалку до крајот на 2024 година.

https://www.ecb.europa.eu

## ЕВРОПСКИ ДЕНОВИ НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО 2022




„Одржливо наследство" е темата на Европските денови на културно наследство 2022. Фокусот е ставен на активната улога на заедниците коишто градат поодржлива и посигурна иднина за европското наследство, во контекст на климатските промени и ризиците што тие ги носат.
Европските денови на културното наследство, како заедничка иницијатива на Советот на Европа и на Европската комисија се меѓу најшироко одбележуваните културни настани во Европа. Повеќе од 50.000 настани што се реализираа годинава низ целиот континент, имаа за цел да ја препознаат вредноста на заедничкото европско наследство и потребата тоа да се сочува за денешните и за идните генерации.
Во текот на септември, низ цела Европа се организираа најразлични активности (изложби, работилници, перформанси, организирани посети со водичи), коишто го промовираат одрживото наследство, во исто време истакнувајќи го значењето на природните добра и на биодиверзитетот.
„Оваа година го славиме наследството низ призмата на одрживоста, којашто не би можела да биде порелеванта по очигледните и драматични знаци на климатски промени, низ коишто нашиот континент помина ова лето. Во таа смисла, Европските денови на културното наследство претставуваат одлична можност да се подигне свеста за ризиците со кои е соочена животната средина, како дел од нашето споделено наследство, и да се преземе одржлива и одговорна акција за нејзина заштита. Не само поради нас самите и за заштита на нашиот културен идентитет, но и за да бидеме сигурни дека ќе оставиме наследство за идните генерации", изјави Мариа Габриел, европски комесар за образование, култура и младина.

https://czech-presidency.consilium.europa.eu

## КОВИД-19: ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ ДА СЕ ПОДГОТВАТ ЗА ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД

Европската комисија на 2 септември 2022 година предложи конкретни мерки за заштита од Ковид-19 во претстојната есенска и зимска сезона. Земјите-членки се повикуваат да ги воспостават потребните стратегии и структури, вклучително и за вакцинација и надзор против Ковид-19. Главната цел на активностите предложени од Комисијата е да се зголеми вакцинацијата и да се осигура дека сите граѓани се добро заштитени.




Врз основа на препораката на Европската агенција за лекови на 1 септември, годинава, Комисијата ги авторизира адаптираните вакцини против омикрон варијантата на вирусот од BioNTech Pfizer и Moderna во ЕУ.

Маските за лице или ограничувањето на големината на собири, за ограничување на ширењето на вирусот остануваат клучен дел од сетот мерки на земјите-членки. Важно е земјите-членки да бидат подготвени повторно да воведат мерки за јавно здравје. Сите мерки што се спроведуваат во училиштата треба да се приспособат на образовната средина и на возрасната група и да се сведат на минимум за да се спречи какво било нарушување на образованието.

Останува клучно да се поддржат напорите за борба против Ковид-19 на глобално ниво. Европската Унија ќе продолжи да работи со меѓународните партнери за да обезбеди брз развој, зголемување и правична дистрибуција на вакцините ширум светот.

Летниот бран Ковид-19, со варијантите Omicron BA.4 и BA.5, покажа дека пандемијата сè уште не е завршена бидејќи вирусот продолжува да циркулира во Европа и пошироко. Сите земји-членки ги укинаа повеќето ограничувања и нивното население се соочува со пандемски замор, што може да доведе до промени во однесувањето.

https://ec.europa.eu

## ОБЈАСНУВАЧКИ СОСТАНОК ЗА СТАТИСТИЧКОТО ACQUIS НА ЕУ



На 16 септември 2022 година, во просториите на Евростат се одржа објаснувачки скрининг состанок со Северна Македонија и со Албанија, како дел од процесот на преговори за пристапување кон ЕУ. На состанокот учествуваа две делегации од - Скопје и од Тирана, заедно со повеќе од 30 учесници од Евростат. Во февруари 2019 година беше организиран воведен објаснувачки состанок за статистичкото acquis. Последниот состанок беше комплементарен на оној од 2019 година: делегациите од Северна Македонија и од Албанија беа информирани за ажурирањата и новите законски регулативи од областа на статистиката, усвоени уште од првиот објаснувачки состанок. Единиците на Евростат ги презентираа ажурирањата за секоја статистичка област каде што е променето законодавството.

Поглавје 18 - Статистиката е дел од кластерот Основи, заедно со acquis за основните права и слободи, судството, правдата и внатрешните работи.

Аналитичкото испитување на телото на законите на ЕУ (acquis), т.н. скрининг, им овозможува на земјите-кандидати да се запознаат со законите и стандардите на ЕУ и обврските што тие ги носат. Скринингот е првиот чекор во процесот на пристапни преговори.

Следно, ќе се организираат билатерални проекции за двете земји одделно во текот на годинава, до ноември 2023 година. Земјите ќе имаат можност да ја претставаат својата самооценка за секое поглавје, додека предметните единици на Комисијата ќе имаат можност да ги разјаснат отворените прашања.

https://ec.europa.eu/eurostat

## ЛЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ 2022 НА ЕВРОБАРОМЕТАР




Проширувањето на ЕУ во наредните години го поддржуваат 57% од граѓаните на ЕУ, што е за 10% повеќе од лани. Во исто време, третина од испитаниците се против прием на нови членки во наредните години, покажува новото истражување на Евробарометар.
Во 25 земји-членки, во споредба со 18 во претходната анкета, мнозинството од испитаниците поддржуваат натамошно проширување во наредните години, со поддршка од 51% во Финска и Чешка до 81% во Литванија.
Повеќе испитаници кои се „против“ проширувањето отколку „за“, се забележани во Австрија (56% против наспроти 33% за) и Франција (46% наспроти 40%).
Податоците од новото истражување, кое беше спроведено во периодот јуни-јули годинава, покажуваат дека поддршката за натамошно проширување на ЕУ во наредните години е зголемена во 23 земји-членки наспроти 18 во претходната. Во 12 земји-членки на ЕУ, поддршката за прием на нови членки во следните години е зголемена за најмалку 10%, од кои во четири (Холандија, Шведска, Данска и Германија) за 20% или повеќе.
Поддршката за проширувањето падна за 6% во Хрватска на 66% и во Чешка (исто така за 6%, на 51%), а во Естонија таа остана на 62%. Околу 65% од Европејците со оптимизам гледаат на иднината на ЕУ, 3% повеќе отколку во истражувањето спроведено во периодот јануари-февруари.
Извештајот покажа и дека позитивната перцепција за состојбата на европската економија е намалена за 5% на 40% од почетокот на годината. Мнозинството (51%) сметаат дека состојбата во европската економија во моментов е лоша. Поддршката за еврото расте и сега е на рекордно ниво, бидејќи осум од десет испитаници во еврозоната и 72% во ЕУ ја поддржуваат Европската економска и монетарна унија со заедничката валута.

https://ec.europa.eu

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ШВЕДСКА




На 14 септември 2022 година, лидерот на националистичката популистичка партија Шведски демократи, Џими Акесон, ја објави победата на десничарскиот блок на изборите одржани во Шведска на 11 септември, а премиерката Магдалена Андерсон го призна поразот.
Андерсон на прес-конференција истакна дека прелиминарниот резултат е доволно јасен за да се заклучи дека блокот од левиот центар ја загубил власта и најави оставка, која официјално ја поднесе на 15 септември.
Ветувајќи дека е време „да се стави Шведска на прво место“, Џими Акесон рече дека неговата партија ќе биде движечка сила во неговата работа за обнова на безбедноста во Шведска.
Андерсон стана првата жена премиер на Шведска во 2021 година и ја предводеше земјата да се приклучи на НАТО по руската инвазија на Украина.
Демократите долго време беа бојкотирани од Швеѓаните поради нивните корени во неонацистичкото движење. Во последниве години, таа се трансформираше со протерување на екстремистите и стекнување поддршка со цврст став за криминалот и имиграцијата во време кога земјата забележа пораст на вооружени напади и други насилства. Како резултат на тоа, десничарскиот блок освои 176 места во парламентот со 349 места, а централно левиот блок на премиерката Андерсон освои 173 места.

https://www.europeanmovement.ie

## ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГИЈА ВО СЕКТОРИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ШУМАРСТВО

Намалувањето на потрошувачката на енергија беше цел уште пред актуелната енергетска криза. Вкупната потрошувачка на енергија во ЕУ во 2020 година беше за 6% помала отколку во 2019 година. Сепак, благ пораст (+1%) е забележан во енергијата што ја троши секторот земјоделство и шумарство. Земјоделството и шумарството учествуваа со 3% од вкупната потрошена енергија во ЕУ во 2020 година.
Со исклучок на Шведска (+1%), сите земји-членки на ЕУ забележаа намалување на вкупната потрошувачка на енергија во 2020 година во споредба со 2019 година. Најостри стапки на пад беа забележани во Луксембург (-14%), Шпанија (-11%) и Италија (-9%). На другиот крај од опсегот на намалувања, најмали стапки на промена се забележани во Романија (-1%), Унгарија и Бугарија (и двете -2%).
За енергијата што ја троши земјоделскиот и шумарскиот сектор имаше остри стапки на пораст во голем број земји-членки помеѓу 2019 и 2020 година, особено за Малта (+10%), Португалија (+8%) и Хрватска (+6%). Кај некои земји-членки потрошувачката на енергија од страна на секторот земјоделство и шумарство се намали; Најостри стапки на пад беа во Белгија (-11%), Шведска (-6%) и Романија (-5%).

https://ec.europa.eu/eurostat/




## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ ВО септември 2022 ГОДИНА

1. Закон за буџети.




***ЕУ КАЛЕНДАР / октомври 2022***

1. *Европски младински самит 2022, 29/09-02/10/2022, Билбао, Шпанија;*
2. *Европска недела на вселената 2022 , 03-06/10/2022, Прага;*
3. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 04-07 и 17-20/10/2022, Стразбург;*
4. *Европска недела на региони и градови, 10-13/10/2022, Брисел, Белгија;*
5. *Состанок на Советот за надворешни работи 17/10/2022, Луксембург.*

**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата, да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




